**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

**Известување во врска со постапката која се води пред КЗК за доделување на државна помош на друштвото ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**

**Поради големиот интерес на јавноста во врска со постапката која се води пред Комисијата за заштита на конкуренцијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел транспарентност во своето постапување и информирање на јавноста, го дава следното известување:**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како давател на државна помош на 09.11.2022 година беше доставено Барање на мислење за предлог пакет за државна помош за Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема Вабтек. Во прилог на Барањето на мислење, давателот достави и Предлог договор за доделување на државна помош како и други потребни документи за планираното доделување на државната помош. По разгледувањето на потребните документи, КЗК побара од давателот да достави дополнителни информации со оглед на фактот дека со Предлог договорот беа предвидени и даночни олеснувања. Ова поради фактот, што согласно член 9 став (1) алинеја 1 од Законот за технолошки индустриски развојни зони –„корисникот на зоната кој спроведува продуктивни инвестициски вложувања остварува даночни ослободувања и олеснувања ако: *врши нова дејност*, а не ја пренесува дејноста од друго подрачје на Република Македонија во зоната“. Исто така, КЗК побара од давателот да достави појаснување дали покрај планираната инвестиција во ТИРЗ Скопје 2, корисникот планира да го задржи сегашниот производен објект заедно со сите вработени во ист обем како и пред периодот на почетокот на планираната инвестиција во ТИРЗ Скопје 2, односно дали планираниот инвестициски проект на инвестирање во материјални и нематеријални средства во ТИРЗ Скопје 2 ќе претставува целосно нова инвестиција, односно дали се работи за вршење на нова дејност различна од таа што инвеститорот ја вршел досега надвор од зоната. Ова, со оглед на фактот дека согласно член 2 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош **регионалната помош може да се додели за продуктивни почетни инвестиции или за отварање на работните места поврзани со инвестициите.**

Давателот на државната помош на 02.12.2022 година до КЗК достави информација од страна на корисникот со која компанијата известува дека **се откажува и нема намера да ги користи поволностите во врска со реализацијата на инвестицискиот проект во Зоната согласно шемата на помош од Законот за технолошки индустриски развојни зони.** Соодветно, предлог договорот за доделување на државна помош, **нема да ги содржи поволностите содржани во истиот, односно поволностите од член 9 од Законот за ТИРЗ и,**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

покрај реализацијата на планираната инвестиција и креирањето на дополнителни работни места кои се предмет на Предлог договорот за доделување на државна помош, **ќе го одржи постојното ниво на операции како и постојниот број на работни места во постоечката инвестиција.** Воедно, од страна на давателот не беше даден одговор до КЗК дали планираниот инвестициски проект на корисникот во ТИРЗ Скопје 2 ќе претставува целосно нова инвестиција, **односно дали се работи за вршење на нова дејност различна од таа што инвеститорот ја вршел досега надвор од зоната.** Согласно доставената тековна состојба од страна на давателот, фактите упатуваа на тоа дека **не се работи за продуктивна почетна инвестиција.**

Поради овие изнесени факти и информации, КЗК на 29.12.2022 година донесе мислење во кое утврди дека најавата за планирано доделување на државна помош е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош **под услов** покрај новата планирана инвестиција во ТИРЗ Скопје 2, компанијата да ја задржи сегашната инвестиција и производен објект заедно со сите вработени во ист обем како и пред периодот на почетокот на планираната инвестиција во ТИРЗ Скопје 2 за временски период како и периодот на одржливост на новата планирана инвестиција во ТИРЗ Скопје 2. Воедно, беше наведено дека овој услов треба да биде составен дел од Предлог Договорот за доделување на државна помош на корисникот. Ова поради фактот што **целта на регионалната политика се продуктивните почетни инвестиции. Притоа, КЗК ја имаше особено во предвид дефиницијата за продуктивни почетни инвестиции од Законот за контрола на државната помош.**

Давателот на државна помош на 05.05.2023 година до КЗК достави Известување за планирано доделување на државна помош. Во Известувањето, беше наведено дека **во Предлог договорот во целост се земени препораките од Мислењето на КЗК односно условот наведен во Мислењето на КЗК. И покрај ваквото тврдење на давателот, КЗК утврди дека фактичката состојба е различна,** заради што, согласно законските надлежности, на 26.05.2023 година донесе Решение за планирано доделување на државна помош во кое го наведе истиот услов од Мислењето и на тој начин, правилно ја примени Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош во согласност со основната цел на регионалната помош и политика, а тоа е, доделување на државна помош само за продуктивни почетни инвестиции.

Во врска со ова, давателот на државната помош достави до КЗК барање за измена на Решението на КЗК односно, да се избрише ставот кој се однесува на условот од мислењето на КЗК а доколку тоа не е прифатливо за КЗК, тогаш негова соодветна измена односно прецизирање во насока дека неговата примена се однесува исклучиво доколку инвеститорот користи даночни ослободувања, а доколку тоа не е случај, тогаш доделувањето на државната помош е дозволена без обврска за задржување на постојниот објект.

Во врска со ова, КЗК го упати давателот на член 26 од Законот за контрола на државната помош, во кој е наведено дека решенијата на КЗК донесени во постапка за оцена и надзор на

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

државната помош **се конечни** и против решението на КЗК може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Од страна на давателот на 07.08.2023 година до КЗК беше доставен Предлог за огласување на Решението на КЗК за планирано доделување на државна помош за ништовно. Давателот наведе дека до тој момент, Договорот за доделување на државна помош не бил склучен и дека не постои можност за извршување на донесеното Решение на КЗК. Поради ова, КЗК на 06.09.2023 година донесе Решение со кое донесеното Решение за планирано доделување на државна помош на КЗК од 26.05.2023 година се огласува за ништовно бидејќи неговото извршување воопшто не е можно.

Давателот на државната помош поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, каде тужена е КЗК со основ поништување на Решение на КЗК со кое беа одобрени мерките за планирано доделување на државна помош, **во делот** со кој доделувањето на државната помош е условена, а за кое Решение давателот на државната помош веќе достави Предлог за огласување на истото, за ништовно, а КЗК соодветно донесе Решение за поништување на 06.09.2023 година.

По одржување на јавна расправа на 13.12.2023 година, Управниот Суд на 20.12.2023 година донесе пресуда во која беше наведено дека тужбата на тужителот се уважува и дека **Решението на КЗК од 06.09.2023 година за поништување на Решението на КЗК од 26.05.2023 година за планирано доделување на државна помош се поништува од страна на Управниот суд и предметот се враќа на повторно разгледување и постапување на тужениот орган**.

Дополнително, КЗК од јавните медиуми се информираше дека согласно последниот извештај за работењето на претпријатието корисник на државна помош, кое е акционерско друштво, работело со загуба во работењето во 2021 и 2022 година како и во периодот од 1 јануари до 30 септември 2023 година. Во врска со ова, КЗК побара информации од давателот заради оцена дали се работи за претпријатие со потешкотии во смисла на член 2 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реконструкција на претпријатија со потешкотии.

Давателот достави до КЗК финансиски извештаи во кои е наведено дека способноста на компанијата-корисник на државна помош за подмирување на обврските зависи од континуираната финансиска поддршка од матичната компанија. Матичната компанија ја потврдува својата намера да продолжи да го поддржува работењето на корисникот на државната помош до крај на 2024 година. Матичната компанија потврдува обезбедување на заем до 50 милиони евра на корисникот на државната помош кои компанијата ќе ги користи за подмирување на интеркомпаниски заеми. Дополнително, капитална инјекција од 6,5 милиони евра ќе се изврши преку јавна понуда на хартии од вредност на Македонската берза. Ова финансирање се планира да се користи од почетокот на реализација на новата инвестиција во ТИРЗ, и тоа за покривање на финансиската структура како и за капиталните инвестции за проектот.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Од овие причини, КЗК преку Секретаријатот за европски прашања, во април 2024 година упати барање до Европската комисија, со барање на мислење, дали претпријатие **со ваква финансиска состојба**, кое сака да влезе во ТИРЗ и да ги користи поволностите на зоната, може да биде потенцијален корисник на регионална државна помош, како и колкава е оправданоста за претпријатието да користи регионална државна помош при евидентна зависност од матичната компанија и колку претпријатието може да ги исполнува условите од договорот за доделување на државна помош кога матичната компанија гарантира финансиска помош за претпријатието до крај на 2024 година. Мислењето кое го очекуваме од Европската комисија е потребно особено со оглед на фактот дека Управниот суд донесе пресуда со која **Решението на КЗК од 06.09.2023 година за поништување на Решението на КЗК од 26.05.2023 година за планирано доделување на државна помош се поништува од страна на Управниот суд и предметот се враќа на повторно разгледување и постапување на тужениот орган**, а заради добивање на одредени насоки за понатамошно постапување при одлучувањето за планираното доделување државна помош на компанијата.

Во врска со новата инвестиција најавена во медиумите, КЗК не може да се произнесе од причина што нема добиено известување за истата.